Димитар ДИМЕСКИ

УДК: 94(487.7)„19":061.3„1903"

# ГЕНЕЗА НА ПРАШАЊЕТО ЗА ВОСТАНИЕ КАЈ РАКОВОДНИТЕ КАДРИ НА МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА

*

Солунскиот јануарски конгрес на МРО, во 1903 година, има пресвртно значење во историјата на македонското револуционерно националноослободително движење од крајот на 19 и почетокот на 20 век. Тој го покренал и трасирал круцијалното прашање, прашањето за сеопшто востание. Тоа прашање е вгнездено уште во првите правни акти на МРО. „Востанието е средство, а не цел", бидејќи примарната цел е многу повисока, а тоа е „извојување преку револуција полна политичка автономија", секако, како првична етапа кон создавање „слободна (македонска) државичка".

Сосема е друго прашањето колку Солунскиот јануарски конгрес одговорил на својата историска задача, односно, како ја проценил историската тежина за зрелоста на условите за успех, степенот на подготвеноста, внатрешно-политичката ситуација и погодноста на постојната меѓународна клима, поточно, колку правилно го идентификувал времето и начинот за реализација на „сеопшто – стратешко востание". Во потрага по одговор на последново релевантно прашање, сама по себе се наметнува констатацијата дека Солунскиот јануарски конгрес е сплет на субјективни причини и објективни околности.

Престапничката изнијансирана повеќегодишна дејност на софискиот Врховен комитет (МК, ВМК, ВМОК) преку имплантирање вештачки „востанија" во Македонија (Мелничкото, 1895 година; Горноџумајското, 1902 година; Јанковата „востаничка" провокација во Југозападна Македонија, 1902 година), преку вооружена инфилтрација, пред сè, во пограничните македонски региони, притисоците за подјармување на МРО (предвечерје на Солунскиот конгрес, 1896 година; Мајскиот протокол,

1900 година, а, особено, Мајската спогодба, 1901 година), поточно, намерите за внатрешно преземање на раководството на МРО (најеклатантен пример: настаните сврзани за Солунската афера, во 1901 година, при што дошла до израз нечистата, докрај неразјаснета улога на ВМК), како и најавата за исфорсирано востание во Македонија во пролетта 1903 година, ѝ нанесле непоправливи штети на МРО.

Не помалку престапничка улога одиграло Тајното бугарско револуционерно братство (1897-1899 г.), чија централа егзистирала во срцето на Македонија, во Солун, под раководството на Иван Гарванов, со основна намера: разнебитување на МРО преку внатрешно преземање на нејзиното кормило.

Сето тоа било правено, помалку или повеќе, со знаење и во корелација со Бугарската егзархија, со актуелните бугарски влади, а, особено, со Фердинандовиот бугарски двор. Целта била да се впрегне Македонија во големобугарски колосек, поточно, да се негува каква-таква перспектива за реализација на неоджувеаниот санстефански сон.

Бездруго, најголеми последици оставило гаснењето на монолитноста на раководните сили на МРО, поточно, отстапувањето на дел од тие сили од изворните принципи на МРО. Знаци за елементарна поларизација на раководните кадри на МРО излегле на виделина релативно рано, по трагичната Виничка афера (1897 г.). Така, во 1898 година „по настојување на раководителите во Штип, Централниот комитет во кој влегуваа Матов, Тошев, Татарчев, Хаџи Николов и др. решил да направи востание само во штипскиот реон. Тогаш, Даме и Гоце се спротиставија и решението на ЦК се укина. Не знам дали и подоцна не е земено решение за востание, но веќе имаше создадено настроение внатре и надвор од Македонија, дека ЦК не мисли никогаш да не прави востание“. (Хр. Коцев). Навистина, ваквата авантуристичка политика на тогашниот ЦК, за прокламирање, макар и на локално, парцијално востание во Македонија, тогаш била зауздана од моќните авторитети: Даме Груев и Гоце Делчев и, без сомнение, Ѓорче Петров, но факт е дека тогаш била отворена Пандорината кутија за „игри“ со востание.

Наредната, 1899 година ги поразбистрила работите. Тогаш, дури двајца корифеи на МРО, Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов видно еволуирале во своите погледи, разблажувајќи го својот став кон Бугарската егзархија и покажувајќи капитулантски однос кон Тајното бугарско револуционерно братство, со што направиле крупни отстапки од зацртаниот правец на бескомпромисна борба за зачувување на чистотата на македонското ослободително дело. Еднодушноста на Солунскиот августовски собир на МРО, во 1899 година, при осудата на смрт на егзархиските митрополити, битолскиот Григориј и струмичкиот Герасим, како и на серскиот професор Ангел Наумов, поради очигледна антиорганизациска дејност, просто им го одзела здивот на Христо Татарчев и Иван Хаџи Николов, кои побрзале да издејствуваат ЦК на МРО да добие овластување за догледна реализација на казните, коешто довело до нивна релативизација, поточно, неизвршување. Кога на Собирот почнала дискусија по прашањето за вклучување на припадниците на т.н. Револуционерно братство во МРО, Иван Хаџи Николов поднел оставка во членството на ЦК, истакнувајќи: „Нека на мое место биде избран друг. Јас би сакал дури да е некој од нашите противници за да може да се постигне обединувањето и да се стави крај на интригите на опозиционерите“. Ваквиот опортунистички став на Иван Хаџи Николов ќе дојде особено до израз при предавањето на ЦК на МРО на Иван Гарванов по Солунската афера, во 1901 година. Овојпат, во 1899 година оставката на Иван Хаџи Николов не му била уважена. И кога, неполн месец потоа, во септември 1899 година, со посредство на Б. Сарафовиот врховистички емисар Камбуров, била постигната спогодба помеѓу „Револуционерното“ братство и ЦК на ТМОРО за саморастурање на Братството и влегување на неговите членови во редовите на МРО, тоа не било ништо друго, туку „втерување на волкот во трлото“. (Ѓ. Петров). Притоа, водечките личности на расформираното „Револуционерно“ братство, Иван Гарванов и Димитар Мирчев, положиле заклетва пред Пере Тошев, актуелен член на ЦК на МРО. Евидентно, актуелниот состав на ЦК на МРО покажал класично капитулантство при беневолентното

инкорпорирање на ексчленовите на Братството во МРО на кои им биле идејно туѓи кардиналните принципи на МРО. Фаталната грешка најдобро ќе ја покажат наредните години: **1901** и **1903**.

Создавањето на вооружените сили на МРО, преку инагурирање на четничкиот институт (1898 г.), чиј главен протагонист бил Гоце Делчев, довело до забрзани подготовки и до видно масовизирање на движењето, коешто, во 1902 година, според современиците, во некои македонски региони (на пр. во Битолскиот округ) прераснало во „држава во држава". Тоа, меѓу другото, довело до многубројни афери, кои ја заплиснале мрежата на МРО. По своето значење се издвојуваат: Поп Ставревата афера (1900 г.), која го фрлила Даме Груев во битолскиот затвор (август 1900 – јуни 1902 г.), а потоа го одвела на робија во Подрум Кале (јуни 1902 – април 1903 г.). На неа се надоврзува Јосифовата афера (февруари – март 1902 г.), која го исфрлила на површина Анастас Лозанчев, познат како свртничар на битолското окружно раководно кормило кон драматичен расплет. Вторава афера, во извесна смисла, наликува на Солунската афера од 1901 година – која, по своето значење, ги наткрилува сите други. Сето ова имало своевидна судбинска улога за натамошниот тек на настаните кои неминовно воделе кон Солунскиот јануарски конгрес од 1903 година.

Солунската афера, во 1901 година, го довела на чело на ЦК на МРО, Иван Гарванов, екс-претседателот на поранешното Тајно бугарско револуционерно братство, кој, благодарение на Иван Хаџи Николов, ја узурпирал водечката функција на централното раководство на ТМОРО. Со тоа, патот кон Солунскиот јануарски конгрес бил отворен.

Што го натерало Иван Хаџи Николов да им ги предаде печатот и архивата на ЦК на МРО на Иван Гарванов и Димитар Мирчев, поранешни лути противници на МРО со докажани големобугарски сфаќања, кога на располагање во непосредна близина му биле попроверени кадри, незасегнати од Аферата, како Глигор Попев, актуелен благајник на ЦК и Кирил Прличев, син на поетот Глигор Прличев?

Станува ли збор за класична несвесна панична реакција на Иван Хаџи Николов пред апсењето, во миговите на крајна резигнација, или, пак, за кулминација на капитулантството пројавено уште во 1899 година, со знаење и благослов на уапсениот ЦК?

Најблизок одговор на ова прашање дава актуелниот претставник на Задграничното претставништво на МРО во Софија, Ѓорче Петров. Тој гледа дека корените на ваквата реакција лежат во шаблонското сфаќање на централистичката поставеност на МРО „дека во ЦК и во организациската администрација лежи сета сила на Организацијата, а не во нејзините единици – околиски к-ти, разните војводи и дејци по местата... Си ја претставуваа Организацијата како мрежа, која, штом се раскине на среде, ќе се растури, **државнички поим**. Тие во тој поглед не се разликуваа од овдешниве офицери, кои во еден водач гледаа сè... Затоа, штом го затворија ЦК, тие и многу други сили покрај него, клекнаа и склонија да му го предадат ЦК на Гарванов.“

Во матната ситуација по Солунската афера, во атмосфера обременета со крајна разочараност, за првпат во дотогашната организациска практика од висок, официјален претставник на МРО, актуелниот член на ЦК, Иван Хаџи Николов, била актуализирана идејата за покренување **сеопшто востание** во Македонија. „ЦК го немаше. Неговиот член Хаџи Николов беше ги пуштил уздите, беше решил да направи востание по секоја цена. Пишал циркулар по околиите да прават востание. ’Бидна веќе‘, а овде му пратил на ВК полномошно за да се дигне востание и покрај мене. Пратил бели бланки со печатот на ЦК до овдешниов ВК. Со тие бланки пополнети со полномошна да се пратат офицери во околиите како што ќе најдат за најдобро“. (Ѓ. Петров)

Откаде таква смелост на корифејот, кој му дал такви ингеренции, дали зад тоа стоел и уапсениот ЦК? Зошто не го консултирал или информирал Задграничното претставништво? Којзнае! Во секој случај, постапката се граничела со предавство. Заличува на историската девиза: „После нас, потоп“. За волја на вистината, потребно е да се истакне дека

наскоро, при полициската истрага, Иван Хаџи Николов, во миг на длабоко нервно растројство, се обидел да се самоубие.

Подоцна, кога бурата стивнала, односно згаснала опасноста од разнебитување на МРО, Даме Груев, кој тогаш се наоѓал во битолскиот затвор, го прифатил Гарванова за претседател на ЦК на МРО. При состојба, Гарванов внатре, а Цончев надвор, Даме Груев, наоѓајќи се меѓу чекан и наковална, го прифатил помалото зло со надеж дека Иван Гарванов „ќе омекне".Слично постапил и Гоце Делчев, со убедување дека на таков начин Гарванова „ќе го оддели од врховистите". Единствено, Ѓорче Петров стоел настрана, „докрај не го признавав и не го признав".

Осоколен од поддршката на двата клучни авторитета на МРО, Даме Груев и Гоце Делчев, Гарванов се зацврстил на тронот на ЦК. Се покажал како умен тактичар. Внимателно почнал да ги влече своите натамошни потези. Изгледало како да се повторува библиската сторија за метаморфозата на грешниот Савле во праведниот Павле. Успеал многумина да залаже, освен луцидниот аналитичар Ѓорче Петров, кому му било јасно дека лисицата влакното го менува, но ќудот никогаш! Така, според Ѓорѓи Белев, Гарванов му рекол на Цончева: „Генерале, треба да се одземе таа **разбојничка организација** внатре!" Уште нешто: во август 1901 година, при својата средба со генералот Иван Цончев во софискиот хотел „Метропол", Иван Гарванов истакнал: „Организацијата (МРО, н.б.) ќе Ви ја предадам Вам, но под услов, ние да останеме одделно таму, а Вие тука". Меѓутоа, суетниот и славољубивиот Иван Гарванов, по признавањето од Груева и Делчева, наскоро им го свртил грбот на Цончевци. Се разбира дека Иван Гарванов, во блиска иднина, ќе се покаже многу поопасен и поштетен за македонското националноослободително дело. Ѓорче Петров истакнува дека Цончевци длабоко се разочарале од Гарванова, бидејќи не го исполнил ветувањето да им ја предаде МРО во нивни раце. Затоа, непосредно по убиството на Иван Гарванов во 1907 година, „Цончевите луѓе со злоба зборуваат за Гарванова: 'Така му треба, предавник!' "

Кон крајот на летото 1901 година, Иван Гарванов издејствувал согласност од Г. Делчев и Д. Груев за промена на составот на Задграничното претставништво на МРО, прифаќајќи ја сугестијата на Гоце Делчев за нови задгранични претставници да бидат назначени Туше (Петруш) Делииванов и Димитар Стефанов. Така, тие биле назначени на оваа функција на 6 октомври 1901 година.

Во предлогот за промена на составот на Задграничното претставништво, Гоце Делчев не проѕрел скриена намера да се избегне Ѓорче Петров, со што биле олеснети натамошните акции на Иван Гарванов. Големата верба што Гоце Делчев ја гаел кон Димитар Стефанов немала поголемо покритие, бидејќи Стефанов почнал да инклинира кон врховистите. Така, според Ѓорѓи Белев, Д. Стефанов велел: „Да се отстрани Ѓорче е лесна работа, но да се отстрани Делчев не може, зашто има големо влијание во некои места“. Очигледно, бесарабискиот Бугарин, Димитар Стефанов, почнал да седи на две столици. Тоа воедно значело изолација на Ѓорче Петров од работата во Задграничното претставништво на МРО во Софија.

Гарвановиот антураж го чинеле оние македонски конзервативни граѓански, проегзархиски елементи, кои своевремено го поддржувале Тајното бугарско револуционерно братство. Бездруго, во ликот на Анастас Лозанчев, Гарванов нашол верен сојузник, своја десна рака.

Анастас Лозанчев уште во 1894 година се вклучил во македонското револуционерно националноослободително движење. Бил своеглав, суетен, преамбициозен. Макијавелист. Самиот признава: „Езуитската формула: целта ги оправдува средствата, наполно ми е прифатлива (се разбира, не без исклучок)“. Бил проегзархиски настроен. Самиот тврди дека влегол во конфликт со Даме Груев поради атентатот врз протојерејот Ставре. Тука спаѓаат и неговите контакти со митрополитот Григориј. Лозанчевата опортунистичка политика особено дошла до израз во неговиот толерантен став кон полковникот Анастас Јанков, иако ЦК на МРО бил за заземање крајни мерки за анулирање на врховистичката авантура во Југозападна Македонија, есента 1902 година. Дури и

нешто повеќе. „За да спречиме присоединување кон него, требаше да ветиме дека ќе дејствуваме во 1903 година". (Ан. Лозанчев). Вистинитоста на ова тврдење на Лозанчев ја потврдува новоназначениот лерински војвода, поранешниот бугарски потпоручник, Георги Папанчев, во второто свое писмо испратено од с. Екшису, Леринско, есента 1902 година, во кое истакнува: „Јас ќе презимам овде, а напролет се подготвувам за свадба". Папанчев нема да ја дочека „свадбата" (востанието), бидејќи претходно ќе го загуби својот млад живот во борбата кај с. Баница, Леринско, пролетта 1903 година.

Едно е сигурно. По заточувањето на Даме Груев во Подрум Кале во почетокот на јуни 1902 година, Иван Гарванов во ЦК на МРО и Анастас Лозанчев во Битолскиот окружен комитет, ослободени од Груевиот авторитет, станале вистински господари на своите позиции. Патот кон самоволни амбициозни постапки им бил наполно чист.

Веќе во јули 1902 година никнале првите бледи контури на оската Гарванов – Лозанчев.

Кон крајот на јули 1902 година во куќата на Бојан Биолчев, лоцирана кај Шарениот мост во Софија, била одржана средба на која присуствувале: Гоце Делчев, Иван Гарванов, д-р Владимир Руменов (al. Наум Мушевски, крушевчанец), подоцнежен санитетски генерал во бугарската армија, потоа, Томо Карајовов, Петруш Делииванов, Никола Наумов, Лазар Димитров, кој таму се нашол по покана на војводата Атанас Мурџев и домаќинот, Бојан Биолчев.

На средбата предмет на дискусија било тревожното барање на битолчани „да се дигне востание што поскоро, бидејќи зачестиле аферите и судирите на четите со турскиот аскер; духовите на населението биле силно возбудени. Ако не се објави востание веднаш, сѐ досега изграденото ќе се распадне од основи, без надеж некогаш да се востанови". По острото спротиставување на д-р Руменов, Делчев и Карајовов, била донесена одлука против дигање на какво и да е востание. За сето време лукавиот Гарванов мудро молчел. Притоа, решиле да го испратат во

Битола Лазар Димитров, како специјален емисар, за да ги смири духовите.

Она што е најинтересно, штом пристигнал во Солун, Лазар Димитров бил задржан таму од Димитар Мирчев, актуелен секретар на ЦК на МРО, под изговор дека битолчани веќе се откажале од дигање востание.

Очигледно, веќе постоела спрега на релацијата Лозанчев-Мирчев-Гарванов. Без сомнение, во прашање бил обид да се испита пулсот и реакцијата на Гоце Делчев и на неговите следбеници.

Според Анастас Лозанчев, прв прашањето за востание го покренал Марко Лерински. Веројатно, присуството на Даме Груев во битолскиот затвор го спречило Лозанчева да го актуализира ова клучно прашање. Погодна прилика се пружила по загинувањето на Марко Лерински во Пателе, ноќта помеѓу 27/28 јуни 1902 година, кога Даме Груев бил далеку, на заточение во Подрум Кале. Тоа претставувало згодна шанса, која Анастас Лозанчев рационално ја искористил, драматизирајќи ги работите. Оттаму, прашањето за востание, за кое најверојатно Иван Гарванов бил сондиран, ја иницирало средбата во Софија кон крајот на јули 1902 година. Кога станало јасно дека драматизацијата останала без покритие, Димитар Мирчев и Анастас Лозанчев ја смириле топката, па емисарството на Лазар Димитров во Битола станало излишно.

Се разбира, ова не го спречило Гарванова во натамошна актуализација на ова кардинално прашање. Може да се претпостави дека на закажаниот, а неодржан општ конгрес на МРО во Солун на 1/14 септември н. стил 1902 година, чиј дневен ред бил утврден на 8 точки, иако прашањето за востание не фигурирало, веројатно ќе било покренато. Меѓутоа, од непознати причини, веројатно по проценката дека не е создадена поволна клима, наместо конгрес, била одржана обична средба.

На оваа септемвриска солунска средба, меѓу другото, Лазар Димитров бил назначен за претседател на Серскиот окружен комитет. Веројатно, целта била да го оддалечат подалеку од Солун. А што се однесува до неговото назначување за претседател на Окружниот

комитет во Сер, на Гарванов и на неговите блиски соработници им било кристално јасно дека таму и така нивното влијание било минорно, поради неприкосновениот авторитет на Јане Сандански, па немале што да загубат.

Формално, на Собирот било решено да се предупреди „ВК да не ги форсира настаните... Претседателот на ЦК, макар што и самиот не бил далеку од идејата за востание, се изјаснил решително против замислената вооружена акција од ген. Иван Цончев".

Она што е позначајно е тоа што на овој организационен собир дошло до средба со помилуваните од Подрум Кале, Христо Матов и Пере Тошев. Веројатно, тука Иван Гарванов и Христо Матов ја дефиниралe својата стратешка определба за дигање востание во Македонија во наредната, 1903 година. За тоа ги инспирирале гласините за скорешно врховистичко востание на македонска територија, што и се случило во есента 1902 година. Во прилог им оделе и многубројните афери. Притоа, во сенка останал молчаливиот Пере Тошев поради неговата резервираност кон настаните. Оттаму, неслучајно Иван Гарванов молчешкум ги прифатил Христо Матов и д-р Христо Татарчев за нови задгранични претставници на МРО во Софија во ноември 1902 година. Всушност, Иван Гарванов, како и бугарскиот трговски агент Атанас Шопов, уште во почетокот на 1901 година го знаел ставот на Татарчев и Матов по прашањето за востание во Македонија. Изгледа, токму тогаш, пред прагот на есента 1902 година, во Солун конкретно бил трасиран патот кон **сеопшто востание** во Македонија во наредната 1903 година, а со самото тоа и кон негова претходна конгресна верификација.

За тоа дека одлуката за востание била искристализирана уште во Солун, зборува и средбата помеѓу Евтим Спространов со тукушто пристигнатиот во Софија Христо Матов на 29.10/11 ноември н. стил 1902 година, кога Спространов од разговорот со Матов констатирал дека од подготовките „3/4 се извршени, останала само последната четвртина, т.е. самото востание". Тоа е времето непосредно пред Матовото приграбување на задграничната функција. Матовата блискост со Татарчева и

сличноста во погледите придонесле за цементирање на нивната заедничка позиција по клучните проблеми.

За усложнување на ситуацијата во Македонија не помалку заслужни биле и соседните балкански пропаганди, меѓу кои предничела бугарската.

Аспирациите на Кнежевството Бугарија кон Македонија биле повеќе од очигледни. Прославата на 25-годишнината од Шипка ги зголемила апетитите на големобугарската државна политика кон Македонија. Таа дала значаен импулс за возвишување на санстефанските претензии.

Актуелната бугарска влада на д-р Стојан Данев, како и претходните владини кабинети, била строго потчинета, а со самото тоа и зависна од личниот режим на бугарскиот кнез Фердинанд Кобургшки. Притоа, клучна улога играл воениот министер, кој бил директно потчинет на Фердинанда. Секако, нивниот однос кон македонското прашање содржи **санстефанска боја** изнијансирана од еден до друг владин кабинет. Затоа и не постои суштинска разлика помеѓу кнежевскиот двор и бугарските владини кабинети по однос на големобугарските стратегиски цели кон Македонија. Без сомнение, понекогаш искрснувале извесни разидувања помеѓу кнежевскиот двор и некои бугарски владини кабинети, но само во поглед на методите на нивната „македонска" политика. Иста стратегиска политика кон Македонија гаела и Бугарската егзархија, предводена од егзархот Јосиф I.

Меѓутоа, она што е карактеристично за 1902 година лежи во фактот што кнезот Фердинанд Кобургшки, покрај контролата над ВМОК на Михајловски – Цончев, ја контролирал и МРО, поточно, нејзините базични тела, ЦК преку Иван Гарванов и Задграничното претставништво, особено составот Татарчев – Матов.

„Во практика бугарскиот кнез ги реализирал своите планови во владата и во армијата по линија на Военото министерство. Во ВМОК тој дејствува низ генерал Иван Цончев, а во ЦК на ВМОРО низ проповедачот на тие идеи, Иван Гарванов". (Дулгерова).

Оттаму, во улога на клучен координатор на Фердинандовата политика се јавува актуелниот воен министер, генералот Паприков. Неговата

улога на поттикнувач на Горноџумајската авантура на генерал Иван Essential Цончев, како и на Гарвановата политика за протежирање на прашањето за сеопшто востание во Македонија во 1903 година, е несомнена.

Оној момент кога имплантираното Горноџумајско „востание“ послужило како иницијална каписла за донесување на солунското решение за сеопшто востание во Македонија во 1903 година, владиниот кабинет на д-р Стојан Данев на 31.01/13.02. н.стил 1903 година ги забранил двете конкурентски врховистички организации во Бугарија, ВМОК на Михајловски–Цончев и ВК на Хр. Станишев, бидејќи примарната цел на Фердинанда за иницирање внатрешно сеопшто востание во Македонија била постигната, а тие станале непотребен баласт за меѓународната позиција на Кнежевството Бугарија.

Длабоката инволвираност на тогашните бугарски државни структури за ваквиот развој на настаните, не ги спречила, при неповолната меѓународна клима, да го остават македонскиот народ да гори во сопствениот пламен! Меѓутоа, не можеле да предвидат дека илинденската искра, неполн век подоцна, ќе доведе до создавање на независна македонска држава на дел од македонскиот национален и духовен простор.

Без никакво сомнение, Иван Гарванов и Иван Цончев, двајцата, наизглед лути соперници, се јавиле во улога на марионети на една иста големобугарска политика, вешто диригирана од ист центар. Меѓутоа, нивните надежи останале значително изневерени, бидејќи поинаквиот след на настаните доста отстапил од посакуваниот правец на нивниот строго фиксиран компас.

Иван Гарванов негувал добри односи со Бугарската егзархија и со бугарските владејачки кругови, коишто особено дошле до израз во времето на Тајното бугарско револуционерно братство. Врските никогаш не биле прекинати. Напротив, тие биле зацврстени и продлабочени, особено во втората половина на 1902 година. Така, Иван Гарванов бил мошне близок со Константин Селџобалиев, доверлив човек на егзархот Јосиф I. На сигнал на Иван Гарванов, К. Селџобалиев ја започнал својата пропагандна кампања за враќање во Македонија на печалбарите од

Цариград, во контекст на подготвување клима за сеопшто востание во Македонија во пролетта 1903 година.

Нов чекор во продлабочувањето на односите помеѓу ЦК на МРО и бугарските официјални органи претставувало востановувањето нова практика за циркулирање на револуционерната пошта помеѓу ЦК на МРО во Солун со Задграничното претставништво во Софија преку Бугарското трговско агентство во Солун. Конкретно, писмата за ЦК испраќани од Задграничното претставништво во Софија и од останатите македонски револуционери стационирани во Кнежевството Бугарија, требало да бидат адресирани до д-р Неделко Колушев, секретар на Бугарското трговско агентство во Солун. За тоа актуелниот задграничен претставник, Димитар Стефанов, го известил Делчева на 26.08/8 септември н. стил 1902 година. Со право може да се претпостави, без оглед на шифрирањето, дека преку преписката многу тајни на МРО, во изворен вид, им станале достапни на бугарските владејачки кругови. Впрочем, улогата на Неделко Колушев при форсирањето на солунското решение за востание во Македонија најдобро го покажува тоа.

Уште не стивнала Горноџумајската провокација, а веќе Гарванов, тогаш во конфликтни односи со генералот Цончев, го испратил Спас Мартинов во Софија, од името на ЦК на МРО, да почне преговори со ВМОК на генералот Иван Цончев за нормализација на односите. Во преговарачката делегација на МРО, покрај Спас Мартинов, влегле уште актуелниот задграничен претставник Димитар Стефанов и Владимир Руменов. Ова се случило непосредно пред враќањето на подрумските заточеници Христо Матов и Христо Татарчев, односно, пред нивното приграбување на Задграничното претставништво во Софија. Очигледно, проработила кнежевската политичка кујна.

Околу настанувањето на Горноџумајското „востание“ Ѓорче Петров ја дава следнава оценка: „Кога заминаа првите нивни чети требаше да се разбијат, но господареа елементи што гледаа инаку: Гарванов внатре, а овде луѓе умерени, меки, а имено, Станишевци и Карајовов. Исти такви беа и Стефанов и Делииванов. Зар тие луѓе беа за таква лута борба

со Цончевците? А кога последниве ги зедоа позициите, беше веќе доцна... И така востанието стана, не можеше да се сопре“.

Аферите, особено оние од 1902 година, придонесле за влошување на состојбата во Македонија, најмногу во Битолскиот вилает. Тие биле проследени со османски репресалии, гарнирани со обезоружителни акции.

Од друга страна, султанските реформи, олицетворени во т.н. Упатства за вилаетите во Европска Турција од крајот на 1902 година, послужиле само за замаглување на несносната положба на македонските народни маси пред очите на меѓународната, пред сè, европска јавност. Оттаму, нешто подоцна, во 1903 година, европската дипломатија ќе ѝ ги наметне на Османската Империја Февруарските (Падарски) реформи, а потоа и познатите Мирцштегски реформи, со основна цел, да го разбие кризниот амбиент во Македонија.

Нов, значаен момент, кој довел до натамошно заслабнување на демократските сили на македонското револуционерно националноослободително движење, предводени од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, претставува доаѓањето на Христо Матов и Христо Татарчев во ноември 1902 година за задгранични претставници на МРО во Софија, Кнежевство Бугарија.

Оската Гарванов–Лозанчев внатре, и тандемот Татарчев–Матов надвор, неминовно ги туркале настаните кон востание во Македонија.

Несомнено, централистичката поставеност на МРО го потенцирала значењето на нејзините стожерни форуми: Централниот комитет и Задграничното претставништво. А како тие форуми се нашле во рацете на луѓе туѓи на нормалниот, природен процес на развој на движењето, при отсуство на поефикасен инструментариум за контрола и ограничување на нивното севластие, неминовно било наметнување на нивната сопствена волја во унисон со нивните интереси. Дури и таков авторитет, како Гоце Делчев, со крупни заслуги за ослободителното движење, не можел да го промени таквиот тек на настаните. Неслучајно, нашиот еминентен логичар, Ѓорче Петров, ќе истакне: „Личниот елемент изигра

голема улога, и, тој, можеби, е главниот виновник за востанието“. Во конкретниов случај, се разбира, личниот фактор не бил единствен носител на настаните, но никој не може да му ја одрече улогата на фитил, кој довел до востаничка експлозија!

Интересно е што улогата на личниот фактор ја почувствувал и Ѓорче Петров врз сопствениот грб уште во декември 1902 година, кога му била укината материјалната издршка од Задграничното претставништво на МРО. Македонската самостојна позиција го довела Ѓорче Петров до вкрстен оган на цончевисти, сарафисти и врвните тела на сопствената Организација. Згора на тоа, бил на нишан и на бугарските владејачки кругови.

Христо Матов и Христо Татарчев, веднаш по своето доаѓање во Софија, презеле чекори за помирување со врховистите. Гоце Делчев со индигнација ги следел овие умилкувачки игри со врховистите, кои, по Горноџумајското „востание“ и Ан. Јанковата турнеја во Југозападна Македонија, бездруго, воделе кон затапување на револуционерната острица на македонското револуционерно националноослободително движење.

На дипломатски план, д-р Хр. Татарчев и Хр. Матов веднаш отстапиле од дотогашната практика. Првата декемвриска средба лично ја анимирал актуелниот бугарски премиер, д-р Стојан Данев, при што, во домашна атмосфера го пречекал првиот екс претседател на МРО и тогашен задграничен претставник, Христо Татарчев, кој, во присуство на кнезот Фердинанд Кобургшки, реферирал дека „се неминовни акциите во текот на идната година“. Евидентно, колаборација постоела.

Втората декемвриска средба ја реализирале двајцата задгранични претставници Татарчев и Матов со рускиот министер за надворешни работи, грофот Ламсдорф на 15/28 декември н. стил 1902 година во Софија, при што му ја доставиле познатата промеморија. Затоа, на неколку окружни конгреси по Илинден (Струмичкиот, Прилепскиот, Серскиот) „сите овие постапки од дипломатски карактер на Матов и Татарчев се осудија записнички“. (Ѓ. Петров).

Преговорите за помирување со врховистите покренати од поранешните подрумски заточеници и актуелни задгранични претставници на МРО, Христо Татарчев и Христо Матов, паднале во сенка, кога ЦК на МРО го покренал кардиналното прашање за дигање востание во Македонија во пролетта 1903 година.

ЦК на МРО посериозно се ангажирал околу ова прашање во декември 1902 година. За неполн месец испратил два циркулара, сврзани за прашањето за востание. Постојат сериозни индиции дека сето тоа било координирано од ист центар.

Првиот циркулар што Јане Сандански, преку Серското окружно раководство, го добил околу 11/24 декември н. стил 1902 година во с. Ловча, срамежливо ја навестил можноста за востание. Следела остра писмена негативна реакција на Јане Сандански до ЦК на МРО, по претходна сондажа на мислењето на мелничките и разлошките револуционери.

Конечно, со вториот циркулар на ЦК на МРО, т.н. Окружно од 24.12/ 6 јануари н. стил 1903 година (вторник, Бадник) бил свикан Солунскиот конгрес на МРО за 2.I./15 јануари н. стил 1903 година за да го разгледа и разреши прашањето за кревање востание во Македонија во пролетта 1903 година. За ова прашање претходно биле сондирани и задграничните претставници.

За вжештување на декемвриската атмосфера особено придонесол ВМОК на Михајловски–Цончев со испраќање на два конфидентални циркулари. Со првиот циркулар датиран на 10/23 декември н. стил 1902 година, биле повикани офицерите од македонско потекло, најдоцна до 15/28 февруари н. стил 1903 година, да се изјаснат за демисионирање од бугарската армија, со намера да се вклучат во подготовките за востание во Македонија во пролетта 1903 година, се разбира, во врховистичка режија. Уште во ноември 1902 година софискиот „Дневник" шпекулирал дека околу 1000 души „офицери–Македонци" ќе поднесле оставки поради „лошата положба на својата татковина".

Несомнено, се насетува каузалната врска помеѓу декемвриските чекори на ЦК на МРО со оние на генерал Цончев. Во секој случај Цончевите декемвриски акти му ја олесниле задачата на Иван Гарванов. Новосоздадената клима толку многу ги охрабрила Гарванова и Лозанчева што тие, во пресрет на Бадничкото „окружно", почнале со приватни писмени сондажи на видни македонски револуционери, особено во бугарската метропола Софија.

Во меѓувреме, на овој план се активирал дури и лично самиот егзарх Јосиф I. Него почнале да го убедуваат „сериозни и компетентни" личности „дека треба да стане востание, за да се забрза автономијата на Македонија". Оттаму произлегува серијата средби на егзархот Јосиф I со „австриskiот, рускиот и англискиот пратеник" на 25, 26 и 27.XII/ 7, 8 и 9 јануари н. стил 1903 година во Цариград.

Јанѕа го обзела Гоце Делчев од провокативната иницијатива на ЦК на МРО. Тој такво нешто можел да очекува од врховистите, но не и од сопствената Организација. А еве сега, Иван Гарванов го иницирал судбинското прашање за иднината на делото, со што, всушност, го фрлил јаболкото на раздорот.

Очигледно, Софиското јануарско советување (1903 г.) на позначајните македонски револуционерни кадри поминало низ три етапи, односно, било реализирано во три сесии.

Првите две, на кои бил присутен и Гоце Делчев, се одржале во првата декада на јануари 1903 година во Софија, во предвечерјето на Солунскиот јануарски конгрес на МРО, а последната, трета сесија, по завршувањето на Солунскиот конгрес, кон крајот на јануари 1903 година.

Иницијатор на првата сесија на Софиското јануарско советување бил лично Гоце Делчев. Средбата била реализирана во зградата на Хр. Станишевиот ВМК, на ул. „Цар Симеон" во Софија, на 5 и 6 јануари (Коледе) 1903 година. Присуствувале: Гоце Делчев, Ѓорче Петров, Борис Сарафов, Христо Татарчев, Христо Матов, Кирил Прличев, Христо Силјанов, Константин Антонов-В’лчо, Сава Михајлов, Пере Тошев, како

и Хр. Станишев и Т. Карајовов. Повод за средбата: можни компликации по Горноџумајското „генералско востание“, како и првиот декемвриски циркулар на ЦК на МРО во кој била загатната можноста за востание во Македонија. Притоа, била прифатена Г. Делчевата антивостаничка порака. Во контекст на тоа биле прифатени Г. Делчевите предлози: во пролетта на 1903 година да се свика заеднички конгрес на Струмичкиот, Серскиот и Солунскиот револуционерен округ, како и да се почне со динамитни „атентати во места во кои нема Организација“.

Согласно со Бадничката инструкција од 6 јануари 1903 година, задграничните претставници Татарчев и Матов ја иницирале втората сесија на Софиското јануарско советување, којашто, без сомнение, била одржана во Задграничното претставништво на МРО во Софија. Симболичниот еднонеделен период од праќањето на циркуларот на ЦК на МРО до фиксираниот термин за почеток на Солунскиот јануарски конгрес, што се протегал од божиќните празници до православна Нова година, очигледно, намерно бил темпиран за да се оневозможи поширока акција за одложување на општиот конгрес на МРО. Всушност, самото Софиско јануарско советување требало да има формален карактер за да се смират духовите. Демократската наметка за божемна добронамерност на ЦК на МРО да го чуе мислењето на сите позначајни организациски личности пред да настапи на Солунскиот конгрес со спомената иницијатива, всушност, служела да ги засенчи очите пред вистинската одлука. Бездруго, од Софиското советување се очекувала формална поддршка, а, во случај на негативен одговор, да се замижи пред него, да се затаи вистинската проценка на Советувањето, коешто и се случило на Солунскиот јануарски конгрес од 1903 година.

Почетокот на II сесија на Софиското советување може да се датира најрано на 8 јануари 1903 година. Биле присутни најмалку 20 учесници, меѓу кои и мислечките личности на МРО. Со тоа Софиското советување квалитативно го наткрилува Солунскиот конгрес, без оглед на фактот што било лоцирано на слеп колосек. Покрај посочените учесници од I сесија, во втората сесија зеле учество уште и Михаил Герџиков, Тома

Давидов, Славчо Ковачев, Никола Пушкаров, Никола Наумов, Димитар Стефанов. По покренатото основно прашање за скорешно востание во Македонија, дошло до евидентна поларизација на силите. На една страна се издиференцирале противниците на предвремено востание – предводени од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, а на друга, приврзаниците за востание, чии главни протагонисти биле Христо Матов и Христо Татарчев. Единствено, Пере Тошев бил неутрален, под претекст дека како новодојден не ги познава добро состојбите на работите. Тогаш, Гоце Делчев и Ѓорче Петров исфрлиле нова, подинамична концепција за натамошна борба: „Ние препорачуваме да се измени тактиката на дејствувањето на четите". Всушност, тие се залагале за „перманентно востание, без да е формално објавено востание... Една слична борба не е од помала важност отколку едно прокламирано востание, зашто таквата борба може долго да трае". (Ѓ. Петров) Така, според Ѓ. Петров, „востанието е моќно средство на Организацијата, но само додека е идеал кон кој се стремиме. Бев убеден дека стана ли тоа 'реал', веднаш по востанието ќе се јави разочарување. И навистина, така излезе".

Гоце Делчев самоуверено истакнува дека и од практични причини борбата треба да се води со „најголема економија на средства и сили".

Копјата се кршеле околу двете спротиставени концепции. Наизглед компромисната формула за „засилени партизански дејства" покажала дека, иако повеќето присутни инклинирале кон Матов и Татарчев, сепак, по силата на Ѓ. Петровите и Г. Делчевите аргументи, се префрлиле на нивна страна. Меѓутоа, тоа била срамежлива победа на страната што губи, без никакви практични ефекти, бидејќи нејзината антивостаничка порака свесно била премолчена на Солунскиот конгрес од претседателот Иван Гарванов.

Солунскиот јануарски конгрес на МРО бил монтиран конгрес во режија на Иван Гарванов и неговите блиски соработници. Целта била на најбезболен начин да се санкционира проѕирната намера на оската Гарванов–Лозанчев и тандемот Татарчев–Матов за дигање востание во Македонија. Затоа има спорен легитимитет.

Конгресот бил одржан на 2, 3 и 4.I/15, 16 и 17 јануари н. стил (четврток, петок и сабота) 1903 година во физичко-математичкиот кабинет на Солунската егзархиска машка гимназија „Св. Кирил и Методиј" во Солун.

Тридневното заседание требало да пружи привид на демократски дискурс по кардиналната тема. Учествувале 17 конгресисти. ЦК го претставувале: Иван Гарванов, Спас Мартинов и Димитар Мирчев. Конгресисти станале и двајца „заслужни дејци", тукуштo ослободените од неколкугодишно османско заточение, штипските револуционери Христо Поп Коцев и Тодор Лазаров. Главнината ја сочинувале претставници од „12 реони" и тоа: „Од Цариградскиот Никола Петров, од Одринскиот Велко Думев, од Серскиот Лазар Димитров, од Кукушкиот (Христо) Влахов, од Солунскиот Иван Сапунаров, од Гевгелискиот (Никола) Хрлев, од Воденскиот Димитар Занешев, од Велешкиот (Тодор) Пејков, од Скопскиот (Димитар) Ганчев, од Струмичкиот (Иван) Ингилизов, од Битолскиот (Анастас) Лозанчев и од Радовишкиот Георги Варналиев. Отсуствуваат поканетите претставници од Штип и Тиквеш".Од нив, во најголем број, биле поканети по наизглед случаен избор, но бездруго, по вкусот на Иван Гарванов. Само тројца од нив, Лазар Димитров, Димитар Ганчев и Велко Думев, биле потврдени од сопствените окружни комитети (Серскиот, Скопскиот и Одринскиот) при што им биле наложени соодветни инструкции, по кои постапил, единствено, серскиот делегат Лазар Димитров.

Посебно биле поканети Гоце Делчев и Глигор Стефанов Попев, кои не присуствувале на Конгресот. Надвор од видокругот на Иван Гарванов останале корифеите и повидните револуционери. Трите релевантни окрузи, Битолскиот, Серскиот и Одринскиот, симболично биле застапени со по еден претставник. Само тројца конгресисти биле трговци, а останатите биле просветни работници (професори и учители). Паѓа в очи тоа што биле второстепени и третостепени личности, со што била овозможена перфидна манипулација. Всушност, била инсценирана „конгресна" драма во три чина, во препредена режија на Иван Гарванов.

Анастас Лозанчев се јавил во улога на главен актер. Имало неколку суфлери, а останатите биле обични статисти, со исклучок на „опозиционерот" Лазар Димитров.

Од конгресниот протокол се гледа дека ЦК (ЦМОК) за повод за свикување на Солунскиот конгрес го зел „Горноџумајско–Петричкото востание". Притоа, ја имал предвид и „опасноста од нови обиди за востание", како и „интересот на европската дипломатија за нашето народно дело".

За претседател на Конгресот бил избран Иван Гарванов, а за секретар Димитар Мирчев, поранешни први луѓе на спогодбено згаснатото Тајно бугарско революционерно братство. Од скудниот конгресен протокол, компариран со бледите мемоарски податоци на неколкумина учесници на Конгресот, како Христо Поп Коцев, Велко Думев, Лазар Димитров, Иван Ингилизов, Анастас Лозанчев, се добива скромна претстава за текот на Конгресот. Во секој случај, Иван Гарванов целосно го реализирал однапред смисленото сценарио.

Манипулациите од типот дека меѓународната клима била позитивна, дека францускиот пратеник преферирал масовно движење за да се дадат пошироки права, дека ако востанието издржи две недели, Бугарија ќе влезе во војна, дека ќе се обезбеди доволно оружје и сл. – го привлекле вниманието на конгресистите. Сето тоа Гарванов го гарнирал со картичката на генерал-мајорот Стефан Паприков, актуелен кнежевски воен министер, упатена до Борис Сарафов, во која „го молел" да не се пропушта погодниот момент за востание во Македонија, дека зад него ќе застане Кнежевството Бугарија со објавување војна на Турција. Слична изјава презентирал и Лозанчев, истакнувајќи дека за тоа бил овластен од Неделко Колушев, актуелен секретар на Бугарското трговско агентство (БТА) во Солун. Во прилог на востаничката опција биле презентирани паничните реакции на костурчаните, на Славчо Ковачев, на Христо Чернопеев и сл., како и Цончевиот повик за пролетно востание, којшто значително ги вознемирил духовите на конгресистите. Според Велко Думев, силен ефект имало и писмото на

Даме Груев, кој тогаш робијашел во Подрум Кале. Кон ова единствено тврдење на В. Думев за писмо на Д. Груев треба да се пријде со голема резерва, бидејќи постои можност за обид на В. Думев да ја минимизира сопствената одговорност. Од друга страна, бегло било поминато преку критичкото писмо на Јане Сандански упатено до ЦК на МРО, како и преку кусата антивостаничка порака на Гоце Делчев, адресирана до Конгресот.

Без сомнение, пресудно било излагањето на Анастас Лозанчев, претседател на II (Битолски) револуционерен округ. Притоа, Лозанчев, неовластен од никого, ја драматизирал безбедносната ситуација во најподготвениот округ (пр. само пушки: 7 илјади) во најцрни бои, сугерирајќи востаничка разврска. Единствен што се спротиставил на таа опција бил Лазар Димитров, кој гласал против, па, сепак, го потпишал протоколот за „еднодушна“ одлука.

На 3/16 јануари н. стил (петок) 1903 година во 11 часот и 20' се пристапило кон гласање по прашањето за дигање востание во Македонија напролет, при што „сите еднодушно гласаа во позитивна смисла“. Ова покажува дека пресилниот притисок не го издржал ни Лазар Димитров, кој гласал против, па, на крајот, го потпишал протоколот за „еднодушна одлука“. Наредниот ден, на 17 јануари 1903 година (сабота) Конгресот, во 5 часот и 30' попладне, откако било решено востанието да биде „сеопшто-стратешко“, ја завршил својата работа. По таков начин овој блед, анемичен, фингиран Солунски конгрес, на самиот старт на 1903 година ја донесол својата, несомнено, историска одлука.

И кога, по завршувањето на Конгресот, Иван Гарванов (псевд. Давид), заедно со Велко Думев (Орлеански), ќе се најдат, кон крајот на јануари 1903 година во Софија, каде што, на третата, последна сесија на Софиското јануарско советување, мафтајќи со конгресното решение, со сесрдна поддршка на задграничните претставници Татарчев и Матов, ќе ги придобијат колебливците за својата кауза, поразот на демократските сили бил на повидок. Навистина, борбата, овојпат за ревизија на солунското решение, продолжила, но неизвесноста за нејзиниот краен исход станувала сè помала.

За ваквата разврска значително придонесло и новото интернирање на Ѓорче Петров, овојпат, во Казанлак.

Во ова време, Гоце Делчев веќе се наоѓал во внатрешноста на родната Македонија.

Енигматично е прашањето: Зошто Гоце Делчев не ја искористил можноста за присуство на Солунскиот јануарски конгрес на МРО од 1903 година, иако добил уредна покана, во својство на подвижен член на ЦК?

Можни се неколку одговори, но кој е вистинскиот?

Според Ѓорче Петров, „оваа програма сакавме со Гоце Делчев да ја разгласиме внатре и не верувавме дека Гарвановци ќе успеат". Дали ова имплицира претходен договор на Г. Делчев со Ѓорче Петров да се бојкотира Солунскиот јануарски конгрес, поточно, Гарвановата политика? Можно е. Се знае дека во ЦК на МРО главни носители на новата, востаничка линија биле Иван Гарванов (претседател) и Димитар Мирчев (секретар), поранешни водачи на згаснатото „Револуционерно" братство. Дали Гоце Делчев можел со нив да најде заеднички јазик? Секако, не!

На чело на антивостаничката струја во македонското револуционерно националноослободително движење застанал Гоце Делчев. Тој бил цврсто убеден дека битката треба да се извојува внатре, во Македонија, преку преточување на новата концепција на борба во практиката. А со кого можел најдобро да го стори тоа, ако не со серските револуционери, кои просто ги голтале Г. Делчевите идеи! Затоа, на 20 јануари 1903 година Гоце Делчев се упатил кај нив, па, ако се изземе краткотрајната солунска епизода, останал со нив до својата прерана смрт. А, се чини, позначајно било да се нашол сред битолските револуционери, каде Анастас Лозанчев, неконтролиран од никого, по примерот на Иван Гарванов, безочно ги туркал работите во најподготвениот округ на МРО кон востаничка разврска. Дотогаш, во Серскиот округ имал цврсти столбови Г. Делчевиот курс, како Јане Сандански, Таската Серски, Димитар Гуштанов. Но кој можел тогаш да предвиди што било поприоритено во дадената сложена, невротична ситуација!

Веста за познатото конгресно солунско решение стигнала до Гоце Делчев во Неврокопско, коешто, иако насетувано, го изненадило „како зимска грмотевица". Веднаш потоа, Гоце Делчев се договорил со Јане Сандански, Димитар Гуштанов и Пеју Јаворов, да вложат најголеми напори за отфрлање на солунското решение.

„Гоце Делчев се надеваше дека неколкумина видни работници, кои се наоѓаа во тоа време во Бугарија, ќе содејствуваат во ист правец. Но тој сакаше да ја истакне, претходно, низ еден атентат по железничките линии, сета целисходност на својот план на дејство и после веќе да појде во Х (Солун) за лични објаснувања со ЦК." (Јаворов)

За таа цел било одржано и познатото февруарско Советување на Серскиот округ на МРО во с. Караќој на тромеѓата помеѓу Серско, Демирхисарско и Неврокопско, при што Гоце Делчев добил целосна политичка поддршка за својата концепција.

Гоце Делчев извесно време престојувал во пештерата Капе на Али Ботуш.

Во ова време Гоце Делчев фанатично се стремел да ги покаже предностите на новиот стил на борба пред една можна востаничка авантура, која тој ја идентификувал како злосторство против народот. Оттаму доаѓа неговата изрека: „Јас сакам слобода за македонското население, а не за македонската земја". Несомнено, доказите биле наменети за посвесните организациски маси, а не за Гарванов, Матов и Татарчев, кои веќе ја насочиле организациската централистичка машинерија кон саканиот правец. За нив, согласно со практичните резултати на теренот, постоело само наметнување на нивната концепција на ослободителната борба.

Во овој период, хектографираниот весник „Слобода или смрт" што го уредувал поетот П. К. Јаворов, најдобро ги одразувал тогашните погледи на Гоце Делчев за новата подинамична концепција на мноштво дејства.

Меѓутоа, се било залудно. Залудни биле оспорувањата на легитимитетот на Солунскиот јануарски конгрес. Залудни се покажале и Г. Делчевите неколкумесечни напори во внатрешноста на Македонија,

заедно со серските револуционери, да изнуди ревизија на солунското решение. Залудна била и неговата остра писмена реакција, подготвена заедно со Пеју Крачолов-Јаворов, а адресирана до ЦК на МРО. Очигледно, мноштво фактори се испречиле пред него.

Гоце Делчев, во беспоштедната трка со времето, ја извел познатата диверзантска акција на железничкиот мост и тунелот кај Ангиста.

Токму тогаш до него стигнала радосната вест дека од заточеништво во Подрум Кале, амнестиран со Февруарските реформи, се вратил во Солун корифејот на МРО, Даме Груев. Нормално, се појавила нова, преголема надеж. Поради тоа, Гоце Делчев брза во Солун за да се сретне и да размени мисли со својот „најсакан другар“ Груев.

Слободната проценка на Ѓорче Петров за Д. Груевата улога во тоа турбулентно време содржи грст неотпорности. Меѓутоа, поткрепена од Д. Груевата фаталистичка изрека: „Подобро ужасен крај, отколку ужас без крај!“ добила сила на легитимитет со висок коефициент на историска одговорност.

А, каде е вистината?

Дали може до неа да се допре при недостиг на базична изворна документација? Одговорот води до претпоставки, кои повеќе или помалку, се доближуваат до неа.

Факт е дека Даме Груев најдоцна од сите авторитети на МРО се вклучил во расправите околу прашањето за востание, кога одлуката на Солунскиот јануарски конгрес веќе била очигледна, а настаните кон востание зеле позабрзан тек.

Амнестиран со Падарските реформи, Даме Груев се вратил во Солун во април 1903 година, во предвечерјето на Солунските атентати.

Во Подрум Кале бил далеку од настаните, а во Солун, несомнено, имал стеснет видокруг. Опколен од Иван Гарванов и неговиот антураж, еднострано информиран, просторно оддалечен од Гоце Делчев и Ѓорче Петров, Даме едноставно се приклонил кон носечката струја, која влечела кон востание. Кон тоа водела и зовриената атмосфера, создадена со костурските панични реакции, вратените печалбари, гемиџиската

нестрпливост, османските репресалии, горноџумајската провокација, 'одисејата' на полковникот Анастас Јанков во Југозападна Македонија, навестената нова, уште поширока врховистичка 'востаничка' авантура во пролетта 1903 година и сл. Од друга страна, Февруарските реформи, наметнати од европската, пред сè, австроунгарско-руска дипломатија, не ветувале ништо розово под мрачното македонско поднебје.

Во ваква политичка констелација, Даме Груев морал да се определи. Изгледа, има голема специфична тежина искажувањето на Ѓорѓи Поп Христов: „Самиот Даме Груев го сметаше солунското решение за пребрзано, но еднаш земено и ние поставени пред свршен чин, требаше да го прифатиме и да се оди кон негово исполнување".

Бездруго, Даме Груев, како втемелувач, бил неприкосновен авторитет на МРО. Но зошто се нашол пред „свршен чин"? Зошто не се здружил со „пргавиот" Гоце Делчев за заедничко рушење на спорното солунско решение? Дали сметал дека лавината тргнала, па сопирањето било залудно? Или, пак, како огнен приврзаник на тогашната централистичка поставеност на МРО, на која, лично тој, од сè срце и кумувал, – не сакал да ја руши организациската дисциплина, да се спротистави на ЦК на МРО, а уште полошо, на конгресно решение? Којзнае!

Познато е дека Даме Груев немал сјајни односи со клучните фактори на идејата за скорешно востание, поради што и немал намера да ги разубедува, иако, лично, го сметал солунското конгресно решение „за пребрзано". Самиот Ѓорче Петров нагласува: „Даме ми објасни... оти со Матов и Татарчев не може да се работи". Даме Груев односите со нив ги расипал уште во Подрум Кале, во робијашка атмосфера. А за какви 'добри' односи со Иван Гарванов може да стане збор, кога самиот Гарванов тврди дека „малку остана Груев да биде убиен" – за време на последните вегетирачки дни на „Револуционерното" братство во 1899 година. А, пак, што се однесува до Анастас Лозанчев, тој уште при своите први организациони чекори во Даме Груев гледал личен, огорчен ривал.

Особено значење има средбата меѓу двете водечки личности на МРО, Гоце Делчев и Даме Груев, која била одржана во предвечерјето на Солунските атентати.

Оваа нивна последна средба била мошне исцрпна. Од нејзините директни актери ни останаа во наследство само скржавите, лапидарни зборови на Даме Груев: „Дојде Делчев во Солун. Правеше приговори. Главно наоѓаше дека Серскиот санџак е наполно лишен од оружје. Ние го утешивме со ветување дека ќе му се достави потребното оружје. Делчев се успокои“.

Гоце Делчев секогаш во Даме Груев гледал творец на МРО, поради што се однесувал кон него со посебен респект. Поради високите Г. Делчеви квалитети и неисцрпна революционерна актива, не помалку Даме Груев го почитувал Гоцета. Несомнено, тоа било присутно и на оваа нивна последна средба, без оглед на разликите во гледиштата по основното прашање. Дури бил направен обид тие да се смалат. Така дошло до согласноста на Даме Груев, идните востанички акции да имаат четничко-партизански карактер. Покрај тоа, двајцата се согласиле за одложување на востанието за подоцна. И најпосле, без сомнение, овде било одлучено Даме Груев да го анимира Конгресот на Битолскиот, а Гоце Делчев на Серскиот революционерен округ на МРО.

Едно е сигурно. Солунската априлска средба со Даме Груев конечно му ги разбила сите илузии во правец на ревизија на солунското решение.

Во Солун, Гоце Делчев се сретнал и со гемиџиите, но не успеал да ги разубеди за одложување на акциите. Инаку, Гоце Делчев кон нив гаел посебна слабост. Познато е дека своевремено дури им донирал 5 илјади лева од мисстонките. А еве сега, гемиџиите не го послушале, па кога Гоце Делчев го напуштал Солун, одекнале Солунските атентати.

Македонија се нашла пред нов историски крстопат.

(Рецензент: *Доц. д-р Ванчо Ѓорѓиев*)

## Литература

1. Ѓорче Петров, Спомени – кореспонденција, (редактор Љ. Лапе), Скопје, 1984 г.
2. Христо Силјанов, Ослободителните борби на Македонија, I, Скопје, 2003 г.
3. Константин Пандев, Националноосвободителното движение в Македония и Одринско (1878-1903 г.), София, 2000 г.
4. Христо Андонов Полјански, Гоце Делчев, I, Скопје 1972 г.
5. Манол Пандевски, Илинденското востание во Македонија, Скопје, 1978 г.
6. Историја на македонскиот народ, т. 3, Скопје, 2003 г.
7. Димитар Димески, Гоце Делчев, Скопје, 2003 г.

## SUMMARY

Dimitar DIMESKI

## GENESIS OF THE QUESTION FOR UPRISING WITHIN THE LEADERSHIP OF THE MACEDONIAN REVOLUTION ORGANIZATION

In the study is given the crucial question of the complex prehistory.

It is especially obvious at the MRO Salonika congress held in 1903. The same Salonika congress held in January was manipulated by the Ivan Garvanov and his devoted collaborators.

This anemic, fade and feign congress at his beginning in 1903, carries his decision as a crucial historic role placing Macedonia in front of a new historical crossroad.